Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје

| Примено: | 06.08.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 14 | 3448/1 | | |

УП1 14-1113
04-07-2019

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 211 ставови 1 и 3 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани шестгодишни студии на англиски јазик по Општа медицина на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани шестгодишни студии на англиски јазик по Општа медицина на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје се обрати со барање бр. 14-2374/1 од 20.05.2019 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1113 од 12.06.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани шестгодишни студии на англиски јазик по Општа медицина на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација 1409-167/3 од 15.04.2019 година издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1113 од 12.06.2019 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 12.06.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1113 од 13.06.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв и втор циклус интегрирани шестгодишни студии на англиски јазик по Општа медицина на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR

Dr. Arbër Ademi

ДОСТАВЕНО И ДО:

- Архива

Подготвил: м-р Викторија Динковска
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: Dr. Agim Rushiti